*Орхидеја ШУРБАНОВСКА*

**УДК: 159.922.74.072:37.035]:303.42**
Приказ

# ПРИКАЗ НА ПРАШАЛНИКОТ ЗА ПЕРЦЕПИРАНО РОДИТЕЛСКО ПРИФАЌАЊЕ–ОТФРЛАЊЕ (PARQ)

***Кратка содржина***

*Многу психолошки теории ја опишуваат поврзаноста на родителското однесување со децата и карактерните особини што се развиваат кај нив. Една од поистакнатите теории е теоријата за родителско прифаќање/отфрлање (Parental Acceptance Rejection Theory - PART), чиј автор е Роналд П. Рохнер, а кој, исто така, е автор на повеќе прашалници кои го мерат интерперсоналното прифаќање/отфрлање (со англиски називи PARQ).*

*Целта на овој труд е да се опишат инструментите со кои се мери прецепцијата на родителското прифаќање/отфрлање од страна на децата, родителите за своите родители и перцепцијата на родителите за својот однос кон децата. Тоа се следниве инструменти: PARQ за деца, PARQ за родители и PARQ за возрасни. Сите инструменти имаат две супскали за мајката и за таткото посебно. Како и во 57 земји во светот, и во нашата македонска популација е направено приспособување на наведените инструменти, со реверзибилен превод, и се добиени мерки на релијабилност на инструментот и на ајтемите. Добиени се следниве резултати за релијабилност на инструментите: Cronbach`s Alpha на PARQ за деца за мајка е 0,91 за татко 0,93; Cronbach`s Alpha на PARQ за родители изнесува: за мајка 0,82, додека за татко е 0,81; Cronbach`s Alpha на PARQ за возрасни за процена на мајка е 0,91, додека за татко изнесува 0,90. Според тоа, постојат индикации дека овие инструменти би можеле да се користат и на македонската популација во истражувачки цели, но и во клиничката пракса по преземање соодветни постапки за стандардизација.*

***Клучни зборови:*** *ОПИС НА ИНСТРУМЕНТИ, ПРАШАЛНИЦИ ЗА РОДИТЕЛСКО ПРИФАЌАЊЕ/ОТФРЛАЊЕ, PARQ ЗА ДЕЦА, PARQ ЗА РОДИТЕЛИ, PARQ ЗА ВОЗРАСНИ.*

## Вовед

Клучниот фактор за развој на здрава личност е односот на детето со родителите. Во овој текст ќе се прикажат инструментите со кои се мери тој однос врз основа на теоријата на психологот Роналд Рохнер. Тој е професор емеритус на Универзитетот Конектикат во САД, неговата теорија го објаснува односот на родителот кон детето во термините на родителското прифаќање или отфрлање. Всушност, според него, процената на родителското однесување ја врши детето низ перцепци-

јата на тој однос. Теоријата на родителското прифаќање и отфрлање (со англиски назив Theory of Parental Acceptance and Rejection – PART) е теорија за социјализација на децата во нивната примарна социјална средина – семејството. Таа е базирана на податоци од конкретни случаи, а целта ѝ е да ги предвиди и да ги објасни главните причини, последици и другите корелати на родителското прифаќање или отфрлање. Истражувањата, главно, се вршени во Соединетите Американски Држави, но во последно време и во многу земји низ Европа и светот.

Концептот на прифаќање и отфрлање ја прави димензијата на родителска топлина. Со други зборови, родителската топлина е биполарна димензија, од една страна *родителско отфрлање*, а од друга страна *родителско прифаќање* (Rohner, 1984). Родителската топлина е димензија или континуум на кој сите луѓе може да се сместат, бидејќи секој има искуство од детството на повеќе или помалку љубов од родителите. Така, топлината како димензија е тесно поврзана со афективната врска меѓу родителите и децата, како и со физичките и вербалните однесувања што ги користат родителите за да ги изразат тие чувства. Еден крај на континуумот е обележан како родителско прифаќање, кое се однесува на топлината, емоционалноста, грижата, удобноста, загриженоста, поддршката или, едноставно, љубовта која децата можат да ја доживеат од родителите. Другиот крај на континуумот е обележан како отфрлање, што се однесува на отсуствување или значително повлекување на овие чувства и однесувања и изразување различни физички или психички повредувачки однесувања и влијанија. Истражувањата (Rohner, 1984) откриваат дека родителското отфрлање може да се доживее од која било комбинација на четири главни експресии: 1. ладни и неемоционални; 2. непријателски и агресивни; 3. рамнодушни и запоставувачки; и 4. неиздиференцирано отфрлање. Неидентификуваното отфрлање се однесува на верувањето на детето дека родителите вистински не се грижат за него, дури и кога нема јасни бихејвиорални индикатори дека родителите го запоставуваат, дека се неемоционални или агресивни кон него.

Елементите топлина, непријателство и индиферентност се однесуваат на интерната, психолошка состојба на родителите. Тоа значи дека родителите може да се чувствуваат или да бидат сфатени како топли кон своите деца или како да не ги сакаат, или да се чувствуваат или да се перципираат како да доживуваат непријателство, лутење, како да се нервозни, нетрпеливи или антагонистички настроени кон нив. Исто така, родителите може да се чувствуваат или да се перципира дека се чувствуваат рамнодушни кон своите деца, може да се чувствуваат или да се перципира дека се чувствуваат незагрижени или како да не се грижат за своите деца, или имаат рестриктивен интерес за нивната благосостојба. Елементите емоционалност, агресивност и малтретирање се однесуваат на видливото однесување на родителите кои постапуваат според овие емоции. Така, кога родителите се однесуваат според своите чувства или љубов, тие се емоционални. Родителската емоционална реакција може да биде покажана физички (гушкање, бакнување, грижливост и удобност), вербално (наградувања, пофалби и кажување убави работи на детето или за детето) или симболично низ некој друг начин што е соодветен на одредена култура.

Овие и многу други начини што покажуваат грижливост, негување, поддршка и љубов се изрази на родителското прифаќање.

Кога родителите се однесуваат според чувството на непријателство, лутина, незадоволство, резултатот, генерално, е агресивно однесување кај нивните деца. Како конструкција на ПАРТ, агресивност е секое однесување во кое има тенденција да се повреди некого или нешто (физички или емоционално). Родителите може да се физички агресивни (да удираат, да казнуваат) и вербално агресивни (саркастични, да ги пцујат, да им се потсмеваат, да им викаат, да ги понижуваат децата или да кажуваат потценувачки работи за нив). Но, исто така, родителите може да користат повредливи, невербални и симболички гестикулации кон своите деца (Шурбановска, 2013).

**Преглед на досегашните истражувања за родителското прифаќање и отфрлање**

Голем број истражувања во повеќе земји во светот, и споредувањето на резултатите, ја потврдуваат значајноста на оваа теорија за родителското однесување и за развојот на личноста на детето. Така, на пример, во една крос-културална студија (Rohner & Britner, 2002) се заклучува дека три вида ментални болести, најверојатно, се поврзани со родителското прифаќање/отфрлање низ целиот свет. Тоа се: а) униполарна депресија; б) проблеми во однесувањето; и в) злоупотреба на супстанции. Ова истражување е извршено со PARQ-инструментите. Силен доказ кој ја потврдува теоријата на родителско прифаќање/отфрлање е универзалната поврзаност со психолошкото приспособувување на личноста. Друга метаанализа од 51 студија низ светот (Khaleque, Rohner & Khaleque, 2002) е направена за да се измери релијабилноста на два самоискажувачки инструменти кои се најчесто користени за да се тестира транскултуралната поврзаност помеѓу перципираното прифаќање/отфрлање и психолошкото приспособување на човекот. Употребени се: а) верзиите за деца, б) за возрасни и за родители од прашалниците за родителско прифаќање/отфрлање (PARQ) и в) верзиите за деца и возрасни од прашалниците за процена на личноста (PAQ). Добиени се мерки на Кронбах алфа-коефициент кои се високи и сите надминуваат 0,80. Резултатите од метаанализата ги потврдуваат заклучоците дека PARQ и PAQ се релијабилни мерни инструменти и може да се употребуваат за научни истражувања, клиничка пракса и други цели на примена во американската етничка група, како и интернационално.

Друго истражување зборува за главните причини за телесно казнување и ги идентификува насоките за подобрување на сознанијата за оваа практика за дисциплинирање (Ripoll-Núñez & Rohner, 2006). И оваа студија ги користи прашалниците за родителско прифаќање-отфрлање (PARQ). Резултатите покажале дека е потребно: а) експлицитна и конзистентна употреба на дефиниција за физичко казнување; б) развивање процедура на процена која вклучува цел репертоар на варијабли важни за да се разбере физичкото казнување; в) евалуација на детската перцепција за казнувањето; и г) евалуација на поврзаноста помеѓу физичкото казнување.

Студијата на Еркман и Рохнер (Erkman & Rohner, 2006) ја истражува поврзаноста помеѓу физичкото казнување, перципираното родителско прифаќање и психолошкото приспособување на 427 млади од Турција на возраст од 10 до 18 години. Испитувањето било извршено со инструментите: Прашалник за физичко казнување, Прашалник за родителско прифаќање/отфрлање (PARQ), Прашалник за процена на личноста (PAQ) и Демографски прашалник. Од резултатите може да се заклучи дека постои поврзаност помеѓу родителското казнување и психолошкото приспособување на младите со перципираното родителско прифаќање. Возраста и полот не се поврзани ниту со перципираното прифаќање од родителите ниту со казнувањето.

Во истражувањето на Варан, Рохнер и Еруксел (Varan, Rohner & Eryuksel, 2008), исто така, бил користен инструментот за родителско прифаќање/отфрлање (PARQ) при што се испитувала поврзаноста помеѓу перципираното партнерско прифаќање, сеќавањата за родителското прифаќање (од мајката и таткото посебно) од детството и психолошкото приспособување на 681 адолесцент од Турција. Резултатите покажале дека и жените и мажите перципирале прифаќање од трите вида атачмент-фигури, односно помалку саканите од која било атачмент-фигура биле помалку психолошки приспособени.

Исто така, била направена и крос-културална метаанализа базирана на 220 студии во кои биле вклучени 33.081 испитаници од 23 нации во пет земји (Ali, Khaleque & Rohner, 2015). Се испитувала поврзаноста на психолошкото приспособување на машките и женските со перцепциите на децата и возрасните за нивното прифаќање од родителите. Во сите студии биле користени инструментите за родителско прифаќање/отфрлање (PARQ) за деца и за возрасни и за процена на личноста (PAQ). Резултатите покажале дека прифаќањето од мајката и од таткото значајно корелираат со психолошкото приспособување и кај децата и кај возрасните во сите култури.

Саведра (Saavedra, 1984, според Rohner, 1994) го истражувал односот помеѓу перципираното родителско прифаќање или отфрлање со родителската контрола и со самопроценувањето и самоадекватноста на детето. Самопроцената е емотивна евалуација за себе. Позитивните чувства кон себе се знак дека поединецот се сака себеси, се прифаќа себеси и се гледа себеси како лице што е вредно за почитување. Самоадекватноста е самопроцена на сопствените способности да се извршат дневните обврски и задачи адекватно и да се задоволат сопствените потреби. Саведра добил резултати од 208 Порториканци, кои укажуваат на тоа дека самодовербата на адолесцентите е во непосреден однос со перципираната топлина на мајката и таткото. Исто така, пронашол дека заедничките ефекти на високата родителска топлина во интеракција со умерена родителска контрола (за разлика од екстремна пермисивност или рестриктивна контрола) го зголемува нивото на самопочитување кај адолесцентот.

Во една слична студија на Рохнер (Rohner, 1980) се добиени резултати за работничка класа и за средна класа на корејски емигранти во САД. Оваа студија е

правена на примерок од 25 семејства и со примена на тестови PAQ (Parental Assessment Questionare) и PARQ (Parental Acceptance-Rejection Questionare). Резултатите покажале дека децата од 7 до 12 години од работничката класа се перципираат себеси како отфрлени за разлика од децата од средната класа. Исто така, децата од работничката класа имаат пониска самодоверба и самоадекватност во споредба со децата од средната класа.

Рохнер, работејќи во Мексико, известувал за сите оние особини на личноста што ги опишува ПАРТ, кои се поврзани со димензијата топлина. Биле испитани 174 момчиња и девојчиња од Мексико и 316 момчиња и девојчиња од САД чија возраст се движела од 8 до 15 години. Оваа возраст била опфатена затоа што децата на оваа возраст се високо врзани со семејството и се под влијание на родителите, но, исто така, се доволно зрели да бидат способни да одговорат на прашалникот без туѓа помош. Приближно половина од децата припаѓале на работничката класа, а половина на средната класа (Rohner, 1994). Резултатите од ова истражување укажуваат на постоење поврзаност помеѓу родителското однесување и особините на личноста на децата. Така се создале две варијабли: првата варијабла е перципираното занемарување, непријателство и отфрлање (REJ), а втората е перципираната топлина (WA). Повеќекратната корелација помеѓу REJ-варијаблите и WA-варијаблите изнесувала R = 0,68 за американската популација и R = 0,65 за мексиканските деца.

Разликата на величините помеѓу коефициентите на WA-варијаблите и REJ-варијаблите е значајна и за двете групи, односно и за американските и за мексиканските деца. Тоа наведува на мислење дека перципираното отфрлање од страна на родителите кај американските и мексиканските деца има поголемо влијание на диспозициите на однесување отколку културните разлики. И како што предвидува ПАРТ, однесувањето на децата од двете нации што перципираат дека родителите ги отфрлаат е значајно послично отколку однесувањето на прифатените деца во двете култури.

Старки (Starky, 1980, според Ronher, 1994) го истражувал односот помеѓу родителската топлина и училишниот успех на детето. На примерок од 220 училишни деца во Америка, заклучил дека резултатите на тестот на постигнување варираат во зависност од нивната перцепција на родителската топлина: ако родителите во очите на детето се потопли, тогаш постигањата во училиштето се подобри.

Истражувањата во Чехословачка (Matječek & Kadubcova, 1986, според Rohner, 1994) на примерок од 116 момчиња и 112 девојчиња покажале слични резултати. Одговорите на чешките деца на PARQ и PAQ се слични со одговорите на американските деца.

Гилен и соработниците (Gielen, Swanzey, Avellani & Kramer, 1986, според Rohner, 1994) направиле две корелациски студии на 106 средношколци од урбани средини (53 девојчиња и 53 момчиња) и на 97 студенти од колеџ (37 момчиња и 60 девојчиња). Тие ја испитувале поврзаноста на моралното расудување со перципираното родителско однесување преку: прашалник за родители и деца, прашалник за родителите, прашалник за мајката, прашалник за таткото, прашалник за конфлик-

ти и тестот за моралното расудување. Варијаблите за перципираното родителско однесување биле: топлина, агресивност, индиферентност, прифаќање, автономија, демократичност и конфликти. Резултатите покажуваат дека младите се повеќе прифатени од мајките отколку од татковците, дека мајката дава повеќе топлина, а дека се позанемарени од татковците. Но, разликата помеѓу родителите не е значајна во изразувањето на агресивноста и отфрлањето кај момчињата. Девојките добиваат поголема топлина, но и агресивност од мајките отколку од татковците. На примерок на средношколци, авторите добиле најголеми корелации со негативна насока помеѓу негативните форми на родителското однесување и моралното резонирање, т.е. со моралниот развој значајно интерферираат мајчиното и татковото непријателство, потоа родителските конфликти околу финансиите и прашањето за воспитанието на децата. Со моралниот развој во корелација со позитивна насока е родителската демократичност, потоа мајчиното прифаќање и топлина, а и корелациите со татковото прифаќање и топлина се во иста насока, но статистички на граница на значајност.

Кога резултатите ќе се разгледаат одвоено според полот, Д-бодот (на Рестовиот тест на морално расудување означува наклонетост кон употреба на аргументи на постконвенционален степен) на машките испитаници е во корелација со негативна насока со родителските конфликти околу финансиите и воспитанието, со родителското непријателство и индиферентноста на мајката, а со позитивна насока – со родителското прифаќање и демократичност. За женските испитаници се значајни негативните корелации со оглед на родителскиот конфликт во однос на прашањето за воспитанието на децата и со оглед на мајчината агресивност, па тоа се единствени две корелации што на ист начин се јавуваат кај двата пола. Мајките имаат поголемо влијание врз моралниот развој на децата отколку татковците, додека синовите се поподложни на родителското влијание отколку ќерките (за машките се значајни 11 од 18 корелации, а за женските испитаници – само 2). Евидентно е дека наведените истражувања ја поддржуваат хипотезата дека родителското прифаќање и отфрлање значајно е поврзано со психосоцијалното функционирање на човекот без разлика каде живее. Сето ова укажува на потребата од нови истражувања за повеќе да се расветлат принципите на човековиот развој, да се хуманизираат односите во семејството за децата што доаѓаат да имаат среќно детство и нормален психички развој.

За таа цел се конструирани повеќе прашалници произлезени од ПАРТ кои ја мерат перцепцијата на децата за односот на нивните родители кон нив, посебно за мајката посебно за таткото, но и за возрасните кои ги проценуват своите родители кога биле деца, како и процена на себеси како родители, понатаму процена на прифаќањето и отфрлањето помеѓу интимните партнери. Оттука може да се види дека прашалниците ги мерат односите помеѓу различни членови на семејството со цел да се има поцелосна слика за односот на прифаќање и отфрлање во семејството. Тоа се: Прашалник за процена на детето на односот од родителите (Child PARQ), Прашалник за процена на самиот родител во неговото однесување кон дете-

то (Parent PARQ), Прашалник за процена на возрасниот кон своите родители (Adult PARQ) и други прашалници (Rohner, 1984).

**Опис на прашалникот за родителско прифаќање/отфрлање (PARQ)**

Прашалникот за родителско прифаќање/отфрлање (Parental Acceptance/Rejection Questionnaire - PARQ) е самопроценувачки прашалник конструиран да ја измери сегашната перцепција на детето и на возрасниот во вид на ретроспектива на нивните сеќавања на степенот до кој тие го доживувале родителското (од мајката и од таткото) прифаќање или отфрлање во детството. Мерките содржат четири скали: 1. топлина и емоционалност (или студено однесување и недостаток на емоции); 2. непријателство и агресија; 3. незаинтересираност и занемарување; и 4. неиздиференцирано отфрлање. Неиздиференцираното отфрлање се однесува на чувствата на индивидуата дека родителот не го сака вистински, не го цени или не се грижи за него, без на некој начин да има објективни индикатори дека родителот е ладен, агресивен или занемарувачки. Всушност, четирите скали даваат вкупен резултат на перципираното или запомнетото родителско прифаќање или отфрлање во детството.

**Структура на PARQ**

Во овој труд се анализирани четири скали на PARQ-верзијата: PARQ за деца, PARQ за родители, PARQ за возрасни и PARQ за интимни партнери. Сите верзии се слични, на пример, PARQ за деца има тврдење: „Мојата мајка (или татко) кажуваат убави работи за мене“, PARQ за родители: „Јас кажувам убави работи за моето дете“, додека PARQ за возрасни: „Мојата мајка (или татко) кажуваа убави работи за мене“.

PARQ за деца е наменет за деца од 7-годишна возраст па сè до возраста до кога помалку или повеќе имаат континуиран контакт со родителите. PARQ за возрасни е конструиран да биде користен кога е потребно да се испитува возрасниот во периодот на детството и неговиот однос со родителите. PARQ за родители е употребен кога родителите сакаат да го проценат своето однесување со детето.

Сите прашалници имаат долга и кратка верзија. Долгата верзија е со по 60 тврдења, од кои 20 се за скалата родителска топлина, 15 за скалата непријателство и агресија, 15 незаинтересирано однесување или занемарување и 10 тврдења за неиздиференцирано отфрлање. Кратката форма на прашалникот содржи 24 тврдења, од кои 8 се за скалата на емоционалност и топлина, 6 за непријателство и агресија, 6 за незаинтересираност и запоставување и 4 за неиздиференцирано отфрлање. Некои ајтеми од скалата за мајка во PARQ за деца се следниве: „Мајка ми ми покажуваше дека ме сака“ (од скалата за топлина), „Мајка ми викаше на мене кога беше лута“ (од скалата непријателство и агресија), „Мајка ми не обрнуваше внимание на

мене“ (од скалата незаинтересирано запоставување) и „Мајка ми не ме сака вистински“ (од скалата неиздиференцирано отфрлање).

### Начин на одговарање и бодување на PARQ

На сите верзии од PARQ-испитаниците одговараат на четиристепена Ликертова скала: од (4) „речиси секогаш вистина“ до (1) „речиси никогаш вистинито“. Скоровите на овие скали се сумираат откога ќе се превртат одговорите на целата скала за топлина, односно ќе се претвори во скала на перципирано ладно однесување на родителот и недостаток на емоционалност (како форма на отфрлање) и потоа се собираат со скоровите на останатите скали за родителско отфрлање. Скоровите на долгата верзија се движат од 60 (максимално перципирано прифаќање) до 240 (максимално перципирано отфрлање). Скоровите на кратката верзија се движат од 24 (максимално перципирано прифаќање) до 96 (максимално перципирано отфрлање). Времето потребно за пополнување на прашалникот е минимум 10-15 минути за долгата верзија, додека 5-10 минути за кратката верзија.

### Релијабилност на PARQ во неколку европски земји

PARQ-прашалниците се тестирани и во европските земји: Бугарија, Грција и Турција, на околу 1.500 деца. Кронбаховиот алфа-коефициент на супскалата за мајка на грчката верзија е 0,87 (n = 156) (Giotsa & Theodoropoulos, 2016), во Бугарија е 0,71 (n = 230) (Koltcheva & Djalev, 2016) и во Турција е 0,85 (n = 1407) (Okur & Berument, 2016). Кронбахова алфа на верзијата за таткото во Грција е 0,90 (n = 156). Во Бугарија е 0,72 (n = 230). Во Турција не ја користеле верзијата на таткото (Rohner, 2016).

### Релијабилност на PARQ во Македонија

Во нашата земја е извршена проверка на релиајбилноста на прашалниците: PARQ за деца, PARQ за возрасни и PARQ за родители (посебно за мајката, посебно за таткото). Адаптирани се тестовите и од долгата верзија и од кратката верзија. Во овој текст ќе се прикажат мерките за релијабилност на кратките верзии од прашалниците како најчесто употребувани. Добиени се следниве резултати:

За PARQ за деца, за скалата за процена на мајката Cronbach`s Alpha е 0,92; за PARQ за деца на скалата за процена на таткото Cronbach`s Alpha изнесува 0,93; за PARQ за возрасни (каде што родителите ги проценуваат своите родители) на скалата за процена на мајката Cronbach`s Alpha изнесува 0,90; за PARQ за возрасни на скалата за процена на таткото Cronbach`s Alpha изнесува 0,90; за PARQ за родители (каде што родителите се проценуваат себеси како родители) на скалата за процена на мајката Cronbach`s Alpha изнесува 0,82, додека на скалата за таткото изнесува 0,81. Резултатите сугерираат дека мерките се релијабилни за користење на овие прашалници во истражувања и за клиничка пракса и во нашата земја како што се и

за Соединетите Американски Држави. Поконкретно, високиот алфа-коефициент се провлекува низ сите три верзии на PARQ. Во светот аритметичката средина на тежината на алфа-коефициентот изнесува за PARQ за деца 0,89, за PARQ за родители 0,84 и за PARQ за возрасни 0,95. Овие податоци се посебно важни затоа што во ниедна земја во светот не се најдени ниски алфа-коефициенти или незначајни и нема значајна хетерогеност во големината на ефектот (алфа) во истражувањата низ главните географски региони во светот или во американските етнички групи. Исто така, не се најдени значајни разлики во големината на ефектот во трите верзии на PARQ (Rohner & Sumbleen, 2016).

### Користење на PARQ

PARQ се користи повеќе од четри декади зададени на илјадници деца, возрасни и родители низ светот. Интензивно се користат во истражувања во клиничката пракса, во училиштата, од судии и други примени (Rohner, 2016). Различните верзии на овие мерки се достапни на 52 јазика и дијалекти. Од 2017 година, преведените верзии се применуваат и во Република Македонија. И покрај тоа што различностите во културата, јазикот, расата, полот или други средински услови се фактори кои имаат влијание во изразувањето на родителското прифаќање или отфрлање, сепак, секаде во светот тие се изразуваат низ четири начини кои се мерени со PARQ (топлина/емоционалност, непријателство/агресивност, индиферентност/малтретирање и неиздиференцирано отфрлање).

### Заклучок

Рохнерова теорија на родителско прифаќање и отфрлање се базира на четири и пол дeцениско истражување со илјадници индивидуи во многу култури низ светот. Тоа придонело да се изведат следниве заклучоци: однесувањето на родителите што се доживува како прифаќање или отфрлање е универзално (секаде во светот исто) и ја пренесува симболичната порака дека моите родители (или други атачмент-фигури) ме сакаат или не ме сакаат, се грижат за мене, ме отфрлаат итн. Тоа се однесувања што се перципирани од детето, како што се: топлина, емоционалност, грижа или, спротивно, ладно однесување и недостиг на емоционалност, непријателство, агресија, индиферентност, малтретирање и недиференцирано отфрлање. Исто така, разликата во културите, етничките и социјалните класи, раси, пол и друго не влијае врз тоа на ист начин да се перципира родителското прифаќање и отфрлање (или на луѓето што се многу значајни за нив). Истражувањата покажале и тоа дека перципираното прифаќање и отфрлање ја објаснува варијансата на психолошкото приспособување на младите и возрасните просечно околу 25 %, додека 75 % се објаснува со други фактори.

Од податоците претставени во овој текст може со сигурност да се каже дека овие три верзии на PARQ (PARQ за деца, PARQ за родители и PARQ за возрасни)

имаат висока релијабилност и може да бидат употребувани во истражувачки цели, како и од психолози во училишта, но и од психолози во клиничка пракса во Република Македонија, исто како и во светот. Подетално овие инструменти се наоѓаат во Прирачникот за истражувања на родителско прифаќање и отфрлање (Handbook of Parental Acceptance and Rejection) на Роналд Рохнер и Абдул Калеку (Rohner & Khaleque, 2008).

**Литература**

Ali, S., Khaleque, A., Rohner, P. R. (2015). Pancultural Gender Differences in the Relation Between Perceived Parental Acceptance and Psychological Adjustment of Children and Adult Offspring. *Journal of cross-cultural psychology, Sage Journals.* Vol. 46 (8), 1059-1080.

Erkman, F., Rohner, P. R. (2006). Youths' Perceptions of Corporal Punishment, Parental Acceptance, and Psychological Adjustment in a Turkish Metropolis**.** *Journal of cross-cultural psychology, Sage Journals.* Vol. 40 (3), 250-267.

Giotsa, A., Theodoropoulos, C. (2016). Psychometric properties of the early childhood acceptance-rejection questionnaire (ECARQ) in Greece. *Paper presented at the meeting of* 6*th International Congress on Interpersonal. Acceptance-Rejection*, Madrid.

Khaleque, A., Rohner, P. R. (2002). Reliability of Measures Assessing the Pancultural Association between Perceived Parental Acceptance-Rejection and Psychological Adjustment-A Meta-Analysis of Cross-Cultural and Intracultural Studies. *Journal of cross-cultural psychology, Sage Journals.* Vol. 33 (1), 87-99.

Koltcheva, N., Djalev, L. (2016). Scale Structure and Reliability of the Child Parental Acceptance-Rejection/Control Questionnaire-Bulgarian Version. *Paper presented at the meeting of* 6*th International Congress on Interpersonal Acceptance-Rejection*, Madrid.

Okur, S., Berument, S. K. (2016). School readiness of 5-year old children living in poverty: The role of perceived parenting. *Paper presented at the meeting of International Congress on Interpersonal Acceptance-Rejection,* Madrid.

Rohner, P. R., Sumbleen, A. (2016). Interpersonal acceptance. *International Society for Interpersonal Acceptance and Rejection.* Vol. 11, No. 2.26-35.

Rohner, P. R. (1984). Toward a conception of culture for cross-culture psychology. *Journal of cross-cultural psychology, Sage Journals.* Vol. 15, (1), 111-138.

Rohner, P. R. (1994). Patterns of parenting: The warmth dimension in cross-cultural perspective. во: W. J. Lonner, R. S. Malpass (Eds.) *Readings in Psychology and Culture.* Needham Heights, MA: Allyn and Bacon.

Rohner, P. R. (2016). Introduction to interpersonal acceptance-rejection theory (IPAR-Theory) and Evidence. *Online Readings in Psychology and Culture.* Vol. 6 (1). https://doi.org/10.9707/

Rohner, P. R., Rohner, E. C. (1980). Worldwide tests of parental acceptance-rejection theory (Special Issue). *Behavior Science Research*, 15.

Rohner, P. R., Khaleque, A (2008). *Handbook for the study of parental acceptance and rejection* (4th ed.). Storrs, CT: Rohner Research Publications.

Ronald P. R., Britner, P. A. (2002). Worldwide Mental Health Correlates of Parental Acceptance-Rejection: *Review of Cross-Cultural and Intracultural Evidence. Journal of cross-cultural psychology, Sage Journals.* Vol. 36 (1), 16-47.

Ripoll-Núñez, J. K., Rohner, P. R. (2006). Corporal Punishment in Cross-Cultural Perspective: Directions for a Research Agenda. *Journal of cross-cultural psychology, Sage Journals.* Vol. 40 (3), 220-249.

Шурбановска, О. (2013). *Родителите и однесувањето на детето во училиштето.* Скопје: Филозофски факултет - Скопје.

Varan, A., Rohner, P. R., Eryuksel, G. (2008). Intimate Partner Acceptance, Parental Acceptance in Childhood, and Psychological Adjustment among Turkish Adults in Ongoing Attachment Relationships. *Journal of cross-cultural psychology, Sage Journals.* Vol.42.(1), 46-56.